# ЗАПИСНИК

од третата седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС,
16 декември 2022 година, х. Хилтон, Скопје

<u>**Присутни**</u>:
Хекуран Дука- градоначалник на општина Дебар
Звонко Пекевски- градоначалник на општина Берово
Борче Јовчески - градоначалник на општина Прилеп
Дејан Владев - градоначалник на општина Свети Николе
Димитар Костадиноски - градоначалник на општина Јегуновце
Габриела Илиевска – претседател на совет на општина Битола

<u>Расправа</u>:

Надзорниот одбор својата 3-та седница ја водеше по следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Усвојување на Предлог Буџет на ЗЕЛС за 2023 година, Предлог Акциски план за 2023 година;**
2. **Разно.**

**ПРВА ТОЧКА**: **Усвојување на Предлог Буџет на ЗЕЛС за 2023 година, Предлог Акциски план за 2023 година**;

Пред присутните беа претставени двата документи кои се однесуваат на финансиското работење и активностите на ЗЕЛС кои планира да ги реализира во 2023 година. Планираните активности се во линија со веќе поставените стратешки цели и тоа лобирање и застапување, градење на капацитети на општините, информирање и обезбедување на услуги за општините. Останува сеуште не потпишан предложениот меморандум со Владата и тој е ставен како активност во овој Акциски план, понатаму ќе се продолжи со реализација на Планот за обуки кој ЗЕЛС го изготвува заедно со претставниците на општинската администрација. Во делот на е-услуги како резултат на големите износи кои општините ги плаќаат на компанијата која сега им го одржува софтверот за даноци, ЗЕЛС планира во име на општините да изнајде решение и го набави овој софтвер. Веќе течат преговори и со Европска Делегацијата за обезбедување на потенцијална финансиска помош. Во однос на другите полиња ЗЕЛС ќе се фокусира на реализација на проекти кои се однесуваат на родовото одговорно буџетирање, активности за спроведување на зелената агенда и енергетската ефикасност, унапредување на ЛЕР преку алатката БФЦ, унапредување на граѓанското учество во општините.

Во однос на предлог Буџетот за 2023 година тој е димензиониран на 29,500,00 денари. Како резулатат на последниот попис на населението, од причина што пресметувањето на членарината е по глава на жител се јавува реална потреба од зголемување на членарината за да може да се покријат сите оперативни трошци на ЗЕЛС бидејќи тоа ќе се одрази со значително намалени приходи на буџетот на ЗЕЛС. Оттука во предлог буџетот приходната страна во делот на приходи од членарината е претставена со зголемен износ од 10 денари, наместо досегашните 8 денари по глава на жител, и се побара од членовите на Надзорниот да го подржат овој предлог. Ова зголемување од 2 денари нема да претстави големо финансиско оптеретување на членките од причина што во поголемиот дел на

општините има намалување на населението, освен во Град Скопје и општините во рамките на Градот Скопје каде има реално зголемување на населението. Членовите се согласија на овој чекор но побараа во иднина за вакви прашања да се поканат на заедничка седница со членовите на Управниот одбор да дискутираат и аргументираат и понатаму му предложат на Генералното собрание предлози од ваква природа. Во однос на расходната страна покрај оперативните трошоци поголемиот дел од трошците се однесуваат на одржување на електронските системи, обезбедувањето на обуки за општинската администрација и платите на вработените.

**ОДЛУКА 1**: Надзорниот одбор едногласно ги усвои Предлог Буџетот на ЗЕЛС за 2023 година и Предлог Акцискиот план за 2023 година;

**ОДЛУКА 2:** Надзорниот одбор го подржа предлогот за зголемување на членарина од 8 на 10 денари по глава на жител;

**ТОЧКА РАЗНО**

Под точката разно, не се отворија дополнителни дискусии и прашања.

**Скопје, 16 декември, 2022 г.**

**Составил,**
**Стручната служба на ЗЕЛС**